Врз основа на член 208 став 7 од Законот за електронските комуникации (Службен весник на Република Северна Македонија број 135/2025 и 269/2025), Комисијата за одлучување по прекршок на ден 05.06.2026 година, донесе:

# ДЕЛОВНИК ЗА РАБОТА НА КОМИСИЈАТА ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ПРЕКРШОК

## Општи одредби

### Член 1

(1) Со овој Деловник се уредуваат начинот на работа на Комисијата за одлучување по прекршок на Агенцијата за електронски кодлуникации (во натамошниот текст само: Комисија), водењето на евиденција на прекршоците, изречените санкции и донесените одлуки, како и начинот на пристап до информациите кои се содржани во евиденцијата.

(2) Комисијата се формира со решение на директорот на Агенцијата за електронски комуникации и се состои од три члена од редот на вработените во стручната служба на Агенцијата за електронски комуникации. Членовите на Комисијата треба да имаат високо образование од правните науки и работно искуство од најмалку три години во областа од кои еден е дипломиран правник со положен правосуден испит кој е и претседател на Комисијата. Мандатот на членовите на Комисијата е со времетраење од три години со право на повторен избор.

(3) Комисијата има свои заменици, кои по исклучок, учествуваат во работата на Комисијата односно во случај на отсуство на некој од членовите.

### Член 2

(1) Комисијата води постапка за прекршоците определени во членовите 214, 215, 216 и 217 од Законот за електронските комуникации.

(2) Комисијата при водењето на постапката ги применува одредбите од:

- Законот за прекршоците и
- Законот за општа управна постапка.

## Работа на Комисијата

### Член 3

(1) Комисијата работи и одлучува на седница која ја свикува и со која претседава претседателот на Комисијата. Во случај на отсутност или спреченост на претседателот на Комисијата, со седницата претседава заменикот на претседателот, со истите овластувања како и претседателот на Комисијата.

(2) Комисијата работи во совет, а одлучува со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Комисијата.

(3) Членот на Комисијата кој не може да присуствува на седницата го известува претседателот на Комисијата за своето отсуство најмалку 48 часа пред одржувањето на седницата.

### Член 4

(1) Распоредот на предметите кои се разгледуваат на седницата на Комисијата по денови и часови, го определува претседателот на Комисијата.

(2) Предметите се земаат во работа на начин што, по правило се внимава на хронолошкиот ред по кој се доставени прекршочните барања пред Комисијата, освен во особено оправдани случаи.

(2) Под особено оправдани случаи се смета постоење на оправдан страв дека некој доказ неможе подоцна да се изведе или дека неговото изведување ќе биде значително отежнато, односно дека подоцнежното решавање би било спротивно на начелото за заштита на јавниот интерес и интересот на странките.

Член 5

(1) Во своето работење Комисијата одлучува врз основа на докази, почитувајќи ги принципите на непристрасност и објективност и утврдување на материјалната вистина.

(2) Комисијата обезбедува законито, навремено и ефикасно извршување на работите од своја надлежност.

(3) Комисјата не е врзана за предлозите и оцената во однос на правната квалификација на прекршокот.

Член 6

(1) Членот кој гласал различно од мнозинството членови на Комисијата може да има издвоено мислење и тоа треба да биде писмено образложено.

(2) Издвоеното мислење се приложува кон записникот од резултатите за гласањето за соодветниот прекршок.

Поведување на прекршочна постапка

Член 7

(1) Прекршочната постапка пред Комисијата се поведува по службена должност, на предлог на директорот на Агенцијата за електронски комуникации.

(2) Комисијата по службена должност без одлагање ќе ги прибави доказите и ќе ја утврди фактичката состојба потребни за одлучување по прекршокот.

(3) Комисијата пред донесувањето на одлуката по прекршокот, писмено ќе го извести сторителот и ќе го поучи дека во рок од три дена може писмено да се изјасни за фактите и доказите.

(4) Предлогот за поведување на прекршочна постапка заедно со сите списи, преку Архивата на Агенцијата за електронски комуникации се доставуваат до претседателот на Комисијата, кој може да определи еден од членовите на Комисијата да се грижи за чување, средување и ажурирање на веќе оформените предмети и за водење на регистерот од членот 15 на овој Деловник.

Записник

Член 8

За текот на седницата на Комисијата и за дејствијата кои се преземаат во постапката се води записник.

Член 9

(1) Во записникот од седницата на Комисијата се внесуваат основни податоци за работата на седницата, а особено: ознака на бројот на предметот на постапката, ден на нејзиното одржување, време на започнување и завршување или одлагање на постапката, односно нејзиното прекинување, име и презиме на присутните членови на Комисијата, име и презиме на отсутните членови на Комисијата и причините за нивното отсуство,

податоци за лицето против кое е поднесено барањето за поведување на прекршочна постапка, работата на седницата, како и сите преземени процесни дејствија.

(2) Покрај податоците од ставот (1) на овој член, записникот содржи и други податоци за членовите на Комисијата сметаат дека треба да бидат внесени во соодветниот записник од одржаната седница.

(3) За начинот на гласање и резултатот од гласањето на Комисијата, се составува посебен записник.

(4) Записникот од седницата и записникот за резултатите од гласањето го потпишуваат претседателот и присутните членови на Комисијата.

Одложување или прекин на постапката

Член 10

(1) Доколку не е обезбедено присуство на сите членови на Комисијата, претседателот на Комисијата ќе ја одложи постапката по соодветниот предмет и за денот и времето на одржување на одложената постапка писмено ќе ги извести членовите на Комисијата.

(2) Одлагањето на постапката се констатира во записникот за водење на постапката.

Член 11

(1) Постапката што е во тек се прекинува кога од објективни причини ќе дојде до отсуство на некој од членовите на Комисијата во текот на нејзиното одржување или во случај на нарушување на редот на седницата.

(2) Постапката се прекинува во сите случаи за прекин на постапката утврдени со Законот за општата управна постапка.

(3) Седницата со заклучок ја прекинува претседателот на Комисијата.

Одлучување на седницата на Комисијата

Член 12

(1) По завршување на расправата посекој одделен прекршочен предмет се пристапува кон гласање заради донесување на одлука.

(2) Членовите на Комисијата за одлучување по прекршок се самостојни и независни во работата на Комисијата и одлучуваат врз основа на своето стручно знаење и самостојно убедување.

(3) Одлуката се донесува со мнозинство на гласови на членовите на Комисијата.

Видови на одлуки

Член 13

(1) Одлуки на Комисијата се: решение и заклучок.

(2) Решението се донесува кога мериторно се одлучува по прекршочниот предмет.

(3) Заклучот се носи за процедуралните прашања кои се појавиле во текот на постапката.

(4) Решенијата и заклучоците ги потпишува председателот, односно заменик на претседателот на Комисијата. На потпишаните решенија и заклучоци се става печатот на Агенцијата за електронски комуникации.

(5) Потпишаните решенија или заклучоци се доставуваат до страните преку Архива на Агенција за електронски комуникации.

Член 14

(1) По извршена уредна достава на решението до сторителот, како и во случај кога рокот за поднесување на тужба истекол, а тужба не е поднесена, или кога и по поднесена тужба Управниот суд донел пресуда со која тужбата се одбива како неоснована, а жалба против таква пресуда не е поднесена, претседателот на Комисијата е должен во рок од 8 дена да го огласи решението за извршно и правосилно со ставање на печат на извршност- правосилност на примероците на решението каде ги забележува датумите и го оверува со своерачен потпис.

(2) По правосилноста на решението на Комисијата и протек на рокот од 8 дена за доброволно извршување (плаќање) на изречената глоба од страна на сторителот, Комисијата е должена во рок од 5 дена со писмен допис да достави еден оригинален примерок од решението до Секторот за правни работи заради спроведување на постапка за присилна наплата (извршна постапка).

Единствена евиденција на прекршоците

Член 15

(1) Комисијата води регистер со цел да обезбеди единствена евиденција на прекршоците, изречените санкции и донесените одлуки.

(2) Во регистерот од ставот (1) на овој член се запишуваат следните податоци:

1. реден број во регистерот;

2. деловоден број на предметот;

3. датум на изречената санкција;

4. податоци за субјектот против кого е изречена санкцијата и тоа за:

а) Физичко лице:

-име и презиме;

-ЕМБГ на граѓанинот, а доколку физичкото лице е странец, бројот на патната исправа;

-место и датум на раѓање;

- место на живеење, улица и број, или адреса на привремено престојувалиште;

- занимање и

- државјанство.

б) Правно лице:

-назив;

-седиште;

-единствен даночен број;

-име и презиме на одговорното лице и функција на одговорното лице;

5. прекршок за кој е изречена санкцијата и тоа:

- одредба од Законот која не е почитувана;

- опис на прекршокот;

6. акт со кој е изречена санкцијата;

7. износ на изречената глоба;

8. датум на извршување на актот со кој е изречена санкцијата;

9. изјавен правен лек (тужба за поведување управен спор пред надлежниот суд),

10.датум на поднесување на правниот лек и

11.донесена пресуда по поведениот управен спор.

(3) Рокот на чување на личните податоци е пет години од денот на правосилноста на одлуката на изречената санкција.

Член 16

[1) Податоците за регистерот од членот 15 на овој Деловник, Комисијата ги добива од сопствената евиденција, субјектите кои учествуваат во постапката и други институции кои располагаат со податоци за внес во регистерот.

(2) Податоците во регитерот се водат во електронска форма.

(3) Комисијата го ажурира регистерот не подоцна од пет дена од денот на добивањето на податоците.

Пристап до информациите од единствената евиденција

Член 17

(1) Секое физичко лице, одговорно лице во правно лице или службено лице во државен орган, може да поднесе писмено барање до Комисијата за добивање информации од единствената евиденција што таа го води за него во регистерот од членот 15 на овој Деловник.

(2) Информации од регистерот од членот 15 на овој Деловник, Комисијата може да дава и по образложено барање на други државни органи, правни или физички лица кои имаат правен интерес.

Завршни одредби

Член 18

Овој деловник влегува во сила со денот на неговото донесување.

По влегување во сила овој Деловник ќе се објави на веб страната на Агенцијата за електронски комуникации.

Изготвил:

Работна група за Деловник за работа на комисија за одлучување по прекршок:

Бојана Стефановска-претседател, Советник на Директорот за правни работи;

Моника Марковска – член, советник за решавање на прекршоции и прекршочни постапки;

Дафина Пауновска-член, раководител на сектор за правни работи.

Наш број 0201-1591/1

Скопје 12.06.2020

Директор

Nusret Haliti